# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Својата визија **Ј.П Водовод и Канализација - Скопје** пред се, во однос на безбедноста и здравјето при работа, ја поставува како највисока стратешка цел преку која ќе ги исполнува:

- Барањата и очекувањата на корисниците,
- Барањата на важечките закони и прописи,
- Сопствените барања и цели.

Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за менаџмент со здравје и безбедност при работа воспоставен според барањата на стандардот

**ISO 45001:2018**

**Ј.П Водовод и Канализација - Скопје** го водиме и ќе го водиме кон сѐ подобри позиции, но секогаш во согласност со општествената одговорност, со превенција од професионални заболувања и повреди при работата

Ние својата дејност ја извршуваме на одговорен и професионален начин и, во однос на тоа, ќе се трудиме во секој момент да бидеме усогласени со законските барања, како и со сите заинтересирани страни со кои сме воспоставиле и сме изградиле договорни односи.

На ризиците од повреди, болести и заболувања на работа и слично, да им пристапиме примарно со цел за нивна целосна елиминација, секогаш кога тоа е можно или за нивно максимално намалување.

Политиката им е соопштена и објаснета на сите заинтересирани страни со цел за нивно проактивно вклучување во нивната безбедност и здравје при работа, секогаш кога активностите ги извршуваме заедно.

Оваа Политика нѐ претставува НАС и како таква секогаш е достапна на јавноста.

Скопје,
Февруари 2023

в.д. Директор

м-р Драган Илиевски